ОПШТИНА НОВО СЕЛО
ГРАДОНАЧАЛНИК
БР.10-848/3
Од 20.03.2025год.
Ново Село

Градоначалникот на Општина Ново Село, решавајќи по барањето на ДОМИНГ ЈТД РАДОВИШ , поднесено под број 10-3181/1 од 06.11.2024 година, за одобрување на проектна програма, врз основа на член 44 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.32/2020 и 111/23), го издава следното:

РЕШЕНИЕ

Се одобрува Предлог Планска програма за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на објекти со намена А1.5 – Станбени куќи во состав на селски стопански двор на КП 3491/1 и дел од КП 3486 КО Мокрино - општина Ново Село., изработена од ДОМИНГ ЈТД РАДОВИШ со технички број 009/2025-У март 2025год., за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на објекти со намена А1.5 – Станбени куќи во состав на селски стопански двор на КП 3491/1 и дел од КП 3486 КО Мокрино - општина Ново Село.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Барателот ДОМИНГ ЈТД РАДОВИШ, поднесе барање за одобрување на Предлог Планска програма,со технички број 113/2024-У ноември 2024год., изработена од од ДОМИНГ ЈТД РАДОВИШ за изработка на планска програма за изработка Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на објекти со намена А1.5 – Станбени куќи во состав на селски стопански двор на КП 3491/1 и дел од КП 3486 КО Мокрино - општина Ново Село., изработена од ДОМИНГ ЈТД РАДОВИШ со технички број 009/2025-У март 2025год.
Со барањето ја приложи следната документација и докази:

1. Проектна програма

2. Барање

Комисијата за урбанизам формирана од Градоначалникот на општина Ново Село, со Решение бр. 09-2058/1 од 08.08.2022, по проучувањето на приложената документација со барањето и извршениот увид, констатира дека барањето е основано и Проектната програма може да се одобри. Истото го потврди со Предлог одобрување со бр. 10-848/2 од 20.03.2025 година.

Градоначалникот на општината Ново Село по извршениот увид на приложената документација со барањето и предлогот од Комисијата за урбанизам констатира дека барањето е основано и се исполнети условите од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на Р.С.М. 32/20 и 111/23). Врз основа на тоа, а согласно член 44 од Законот за урбанистичко планирање донесе решение како во диспозитивот.

ПРАВНА ПОУКА

Против ова Решение,барателот може да изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на одобранието до министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот.

ОПШТИНА НОВО СЕЛО
ГРАДОНАЧАЛНИК

Ѓорѓе Божинов